**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**бр. 08-513/1**
**17.02.2022 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), член 50 став 1 точка 11, член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02), член 62, став 1, алинеја 9 и член 91 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Иницијативен одбор за одржување на конститутивно Локално собрание на млади на Општина Гевгелија**

1. Со ова Решение, **се формира** Иницијативен одбор за одржување на конститутивното Локално собрание на млади на Општина Гевгелија;

2. Врз основа на спроведената постапка на двата Јавни повици, објавени на официјалната веб-страна на Општина Гевгелија, по предлог на назначениот службеник за млади во Општина Гевгелија, за членови на Иницијативниот одбор се назначуваат:

- Милчо Јовановски од Средношколската заедница во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија;
- Ангела Шаренкова од Мултимедија“ Здружение за мултимедијална култура Скопје,
- Тијана Ристовска од Центар за култура, едукација и активизам „Мултус“- Гевгелија

3. Работите околу свикувањето на Иницијативниот одбор ги координира службеникот за млади во Општина Гевгелија;

4. Иницијативниот одбор, по принципот на транспарентност и јавност, го распишува Повикот за конститутивното Локално собрание на млади кој ќе биде објавен на официјалната веб-страна на Општина Гевгелија;

5. Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното Локално собрание за млади;

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Гевгелија,

***Андон Сарамандов***
с.р.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk